РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09 - 32 / 2
17 -11- 2021

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 54-та седница одржано на ден 02.11.2021 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата број 09-32/1 од 04.01.2021 година, СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 09-32/1 од 04.01.2021 година.

Предметот со број 09-32/1 од 04.01.2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 09-32/1 од 04.01.2021 година е оформен врз основа на пријава од непознат подносител- VIII генерација кандидати на Академијата за судии и јавни обвинители на РСМ против одговорното лице на Академијата со наводи дека преку непотизам и судир на интереси како слушатели на Академијата се избрани деца на судии, јавни обвинители, членови на Судски совет, претседатели на судови и актуелни политичари, а поради фактот што во комисијата за полагање на приемен испит ја сочинуваат судии и обвинители колеги на родителите на актуелните кандидати.

По разгледување на пријавата, но и поради актуелноста на случајот во јавноста во март 2021 година, Основното јавно обвинителство за гонење криминал и корупција отвори постапка за испитување на истите наводи.

Од причина што за истите наводи постапува друг надлежен орган, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК.
Изработил: Е.М, советник
Одобрил: К.Н., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk